# EBC*L Македонија

EBC*L European Business Competence* Licence

Информатор број 14/2008 www.ebcl.com.mk



## Прва национална конференција на EBC*L Македонија

На 18 декември во Скопје ќе се одржи првата Национална конференција на EBC*L Македонија. Цел на Конференцијата е размена на искуство помеѓу сите испитни центри, проектни лидери, нивни заменици и обучувачи.

Дел од Конференцијата ќе биде посветен на развојот на Европскиот сертификат за бизнис компетенции - EBC*L во Македонија и ќе биде даден преглед на идните активности планирани за 2009 година.

За време на Конференцијата се планирани две паралелни работилници:

- EBC*L подготовка и полагање на Степен А, програми наменет за сите EBC*L обучувачи
- EBC*L администрација и маркетинг, наменет за проектни лидери и заменици

Конференцијата ќе послужи како потпора за воспоставување подобра комуникација помеѓу испитните центри како и средство кое ќе помогне за што подобра имплементација на EBC*L сертификатот во Македонија, посебно во приватниот сектор.

За подетални информации ќе можете да се обратите во канцелариите на ЦС Глобал или преку прес конференцијата која ќе се одржи на истиот датум како и конференцијата.




## EBC*L НАСТАНИ...

Во тек е акредитација на два нови EBC*L Испитни центри:
- во Битола
- во Скопје

Испитните Центри ќе бидат најавени на нашата веб страница веднаш штом потпишеме договор за соработка и откако претставниците од новите испитни ценри ќе ги поминат обуката за EBC*L проектни лидери и обуката за EBC*L обчувачи.

**EBC*L Македонија**
Иво Рибар Лола 59-1/2
1000 Скопје
Македонија

**Телефон**
02 32 90 540
02 32 90 544

**E-mail**
office@ebcl.com.mk

**Web**
www.ebcl.com.mk



www.ebcl.com.mk

# Глобална недела на претприемништво

Во организација на YES Инкубатор од Скопје, од 18 до 21-ви ноември се одржа настанот Глобална недела на претприемништвото.

Овој настан е одлична можност за презентирање на значењето на EBC*L испитот, придобивките од поседувањето на Сертификат којшто е Европски признат, компании кои го инкорпорираат EBC*L во наставните планови за обука на своите вработени исл.

За времетраењето на настанот, во сите испитни центри низ Македонија, сите заинтересирани лица можеа да учествуваат на бесплатната двочасовна EBC*L. Работилница која ќе биде организирана од страна на секој испитен центар. На овие работилници заинтересираните лица можеа подетално да се запознаат со тоа што е EBC*L, на кого сѐ може да му користи во работата и кариерата, да се запознаат со материјата која е опфатена во прирачниците од Степен А, да ги разгледаат истите, како и да се информираат за сето она што сметаат дека треба да го знаат поврзано со EBC*L испитот кај нас.

Организирањето на вакви бесплатни работилници се применува во сите EBC*L земји и претставува одличен начин за презентирање и запознавање со сите новости за EBC*L испитот.

За повеќе информации заинтересираните можеа да ги посетат и просториите на ЦС Глобал каде ги добија сите потребни одговори во врска со EBC*L сертификатот.

# Подготвителна настава и полагање на EBC*L испит

**Во сите Испитни центри, уписите за посетување на подготвителна настава се во тек. Подетални информации околу започнувањето на подготвителните обуки и датумите за полагање, можете да добиете во секој Испитен Центар**

EBC*L
European Business Competence* Licence